**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 07. 10. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4791 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 септември до 1 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 7 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Анализирани се десет изданија на централното дневно-информативно издание на ТВ 21 М. Станува збор за ТВ Дневникот од 18 часот и 30 минути, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 4 часа, 3 минути и 16 секунди, прилози коишто припаѓаат на претежно информативните жанрови (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар, изјави) и репортажи со социјален предзнак.

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ 21 М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:11:50 | 4,86 | % |
| Собрание на РМ | 00:09:43 | 3,99 | % |
| Специјално обвинителство | 00:12:04 | 4,96 | % |
| Судство | 00:14:57 | 6,15 | % |
| Граѓански сектор | 00:23:11 | 9,53 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:19:13 | 7,90 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:14 | 1,33 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:06:17 | 2,58 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:04 | 2,90 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:36 | 4,36 | % |
| Други субјекти | 00:26:41 | 10,97 | % |
| Влада на РМ | 00:21:06 | 8,67 | % |
| Локална самоуправа | 00:07:11 | 2,95 | % |
| Без субјекти | 00:29:44 | 12,22 | % |
| СДСМ | 00:06:59 | 2,87 | % |
| Шарена револуција | 00:06:00 | 2,47 | % |
| Левица | 00:01:18 | 0,53 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:28 | 0,19 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:02:38 | 1,08 | % |
| Беса | 00:02:26 | 1,00 | % |
| Унитети | 00:01:25 | 0,58 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:05:15 | 2,16 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:54 | 0,37 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:33 | 1,87 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:37 | 0,25 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:45 | 0,31 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:37 | 0,66 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:02 | 0,42 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:11 | 0,49 | % |
| Привремена комисија | 00:03:17 | 1,35 | % |
| | Вкупно: 04:03:16 | 100 | % |

Двоцифрена процентуална застапеност во третиот извештаен период (од 22 септември – 1 октомври) имаат само субјектите методолошки кодирани како *„без субјекти“* и *„други субјекти“*, што не е поразлично од претходните два извештајни периоди. И тогаш првозастапени беа наведените категории субјекти. Во овој трет извештаен период заедно зафаќаат безмалку една четвртина од вкупното време на анализираните прилози. Застапеноста на категоријата *„без субјекти“* се должи на информациите во коишто медиумот во преден план информира за проблемите со коишто се соочуваат граѓаните. Во наведеното десетдневие медиумот информираше за протестите на средношколците во Тетово во врска со проблемот со транспортот до училиште од подалечните населени места, како и за протестите на гимназијалците од истиот град во врска со недостигот на просторни услови за одржување на настава. Доминантни соговорници во овие прилози беа учениците и нивните родители, коишто методолошки, се кодирани како *„без субјекти“*. Медиумот и натаму

известува за последиците со коишто се соочуваат жителите од поплавените подрачја. Повторно и во овие информации (станува збор за прилози со социјална тематика) како најчест соговорник се појавуваат граѓаните. Информирањето за протестите на стечајните работници и за вработените во МЗТ леарница ја заокружуваат застапеноста на категоријата *„без субјекти"*. Во овој извештаен период како *„други субјекти"* се кодирани: Народна банка на РМ, Адвокатска комора, адвокати, Народен правобранител, доктори, НЛБ банка, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, претставници на туристички агенции, универзитетски професори и др.

Третозастапен субјект, според временската присутност во анализираните прилози, е категоријата *граѓански сектор*. Медиумот информира за активностите на невладини организации, здруженија на граѓани или пак ги пренесува ставовите на нивни претставници, посредно или непосредно, со отстапен простор за директно обраќање. Во десетдневниот период медиумот информираше за активностите на неколку здруженија коишто ги застапуваат интересите на заболените лица од леукемија, цистична фиброза, рак на дојка. Простор беше отстапен за презентација на резултатите од спроведени истражувања на Зелениот институт во врска со зачувувањето на животната средина, на Институтот за економски политики. Информираше за ставовите на Унијата на средношколци Албанци во врска со протестите на учениците во Тетово и на СОНК.

Настаните со средношколците од Тетово придонесуваат и *Владата* како субјект да биде застапена со речиси една десетина од вкупното време на емитуваните прилози. Во најголем дел од информациите за случувањата во Тетово е пренесен и ставот на *Владата* по овие прашања. Информациите и за други редовни активности на *Владата* го дополнуваат времето (изјави на министерот за образование Пиштар Љутфиу во врска со новоформираниот универзитет „Мајка Тереза", билтен на МВР, став на Министерството за надворешни работи во врска со мигрантите, учество на премиерот Димитриев на конференција во Виена и др.).

Тринаесет политички субјекти се дел од информациите емитувани во централното дневно-информативно издание. Информациите се однесуваат пред се за активностите на четирите поголеми партии (СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, ДУИ и ДПА). Телевизијата известува со неутрален тон и рамка.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ 21 М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:51 | 5,36 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:37 | 4,92 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:42 | 12,61 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:33 | 6,68 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:26 | 4,58 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:51 | 7,25 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:32 | 10,41 | % |
| Други субјекти | 00:07:23 | 13,90 | % |
| Влада на РМ | 00:04:54 | 9,22 | % |
| Левица | 00:00:29 | 0,91 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:12 | 0,38 | % |
| Беса | 00:01:07 | 2,10 | % |
| Унитети | 00:00:37 | 1,16 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:52 | 1,63 | % |
| Шарена револуција | 00:02:10 | 4,08 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:33 | 2,92 | % |
| СДСМ | 00:01:53 | 3,54 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:44 | 3,26 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:17 | 0,53 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:17 | 0,53 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:19 | 0,60 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:14 | 0,44 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:18 | 0,56 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:16 | 0,50 | % |
| Привремена комисија | 00:01:01 | 1,91 | % |
| | Вкупно: 00:53:08 | 100 | % |

Според отстапеното време за директно обраќање, редоследот на субјектите е следен: други субјекти, претставници на граѓанскиот сектор, експерти/аналитичари, претставници на Владата на РМ, претставници на политичката партија ДУИ итн.

## *Посебни информативни емисии*

### *Дебатни емисии*

Во рамки на третиот извештаен период се емитувани 6 премиерни дебатни емисии и 11 репризи на премиерните изданија од овој извештаен период и две репризи на емисии емитувани во текот на претходниот извештаен период. Сите дебати се реализирани во рамки на емисијата „Клик плус".

На 22 септември, утрото, се емитувани две репризни изданија на емисијата од 21 септември. Во ова издание доминираа теми од областа на финансиите, а главно се разговараше за ребалансот на буџетот и предлог буџетот за 2017 година. Покрај претставниците на двете условно најголеми партии од албанскиот политички блок, ДУИ и ДПА, гости во студиото беа академик Абдулменаф Беџети и Мендерес Кучи, од Стопанска комора за Северо-западна Македонија. Партиите ги претставуваа Реџаил Исмаили од ДУИ и Имер Алиу од ДПА.

Во стандардниот термин од 22.00 часот, на 22 септември, гости во „Клик плус" беа Зоран Шапуриќ од ЛДП, Амир Елези од Беса и Зулфи Адили од Унитети. Гостите дебатираа околу бројот на гласачи во изборните единици и можноста Македонија да биде една изборна единица. Емисијата беше еднаш репризирана, наредниот ден, на 23 септември.

Премиерното издание на „Клик плус" од 23 септември беше на тема „Закон за одмерување на казни". Своите гледишта ги сопоставија адвокатите Оливер Вуксановиќ, Јован Јоанидис, Насер Рауфи. На 24 септември, емисијата имаше две репризни изданија, емитувани во претпладневните часови.

Наредното издание на емисијата „Клик плус" беше на 27 септември. На тема „Албанскиот јазик во политичките лавиринти" дебатираа претставници на двете парламентарни партии од албанскиот политички блок и двајца универзитетски професори-албанолози, Арсим Синани и Мерсим Максути. ДУИ и ДПА беа претставени од Рафиз Алити и Беким Фазлиу. Изданието беше два пати репризирано на 28 септември, во вообичаените термини за репризи на оваа емисија, рано наутро и претпладне.

Истиот ден, 28 септември, гости во студиото на ТВ 21 М беа професорот Осман Кадриу, Бесим Ходa од Здружението на ветерани на ОВК, Башким Селмани и Хасим Муртезани, експерти по безбедносни прашања. Неколку теми на разговор доминираа во дебатата – владеење на правото, работата на СЈО, прислушуваните разговори. Двете репризи се емитувани наредниот ден.

Премиерното издание на дебатната емисија од 29 септември е со тројца учесници – независната пратеничка Солза Грчева, универзитетскиот професор Гордан Калајџиев и адвокатот Александар Тортевски. Специјалното јавно обвинителство и неговата едногодишна работа беа главниот фокус на расправата. Наредниот ден, 30 септември, дебатата беше два пати репризирана.

Гости во следното издание на емисијата „Клик плус", од 30 септември, беа универзитетските професори Благоја Марковски и Темелко Ристески и политичарите Талат Џафери и Максим Димитровски, како претставници на политичките партии ДУИ и СДСМ. Безбедноста беше повторно тема на дискусија во емисијата. И ова издание на дебатната емисија имаше свои репризни изданија, емитувани на 1 октомври, едната наутро, а другата во претпладневните часови.

*Интервјуа*

Во третиот извештаен период, од 22 септември до 1 октомври, во рамки на емисијата „10 минути", се емитувани 4 интервјуа.

Првото интервју е реализирано на 22 септември со дополнителниот заменик-министер за финансии од редовите на СДСМ, Кире Наумов. Предлог-буџетот за 2017 година и владините задолжувања беа теми во фокусот на разговорот.

Ден подоцна, 23 септември, е емитувано интервју со секретарот на Европската федерација на новинари, Рикардо Гутиерез, а беше разговарано за случајот со притворениот новинар Зоран Божиновски и за слободата на изразување.

Можноста за формирање на специјален суд и првите две обвиненија покренати од страна на Специјалното јавно обвинителство, беа теми на разговор во интервјуто емитувано во рамки на емисијата „10 минути" од 26 септември. Гостин во ова издание беше поранешниот претседател на Уставниот суд, Трендафил Ивановски.

Последното интервју беше со министерот за образование и наука, Пиштар Љутфиу. Интервјуто беше емитувано на 29 септември, а со министерот се разговараше за новиот универзитет „Мајка Тереза", за пропустите во учебниците на албански јазик, за проблемите со превозот на средношколците од Тетово.

***Сектор за програмски работи***